РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ
Примено:
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| | 10 -07- 2009 | | |

**Република Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр.19-3201/1**
**7.07.2009 година**
**С к о п ј е**

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт-записникот од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.07.2009 година**

„ТОЧКА 4: Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли во јавниот сектор во 2008 година

Владата го разгледа Годишниот извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли во јавниот сектор во 2008 година, со изменувањата и дополнувањата на Годишниот извештај и го усвои со следниве заклучоци:

1. Изменувањата и дополнувањата на Годишниот извештај да бидат составен дел на Годишниот извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли во јавниот сектор во 2008 година.

2. Се препорачува субјектите од јавниот сектор од централно и локално ниво да основаат посебна организациона единица за финансиски прашања, како сектор или одделение, чиј раководител директно одговара на раководителот на субјектот и највисокиот раководен државен службеник и е одговорен за целокупното финансиско управување и контрола во субјектот, за што да ги следат препораките од Министерството за финансии.

3. Се задолжуваат: Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Јавното обвинителство на Република Македонија, Државното правобранителство на Република Македонија, Македонската академија на науките и уметностите, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за државни патишта, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола, Агенцијата за развој и инвестиции, Државниот архив на Република Македонија, Управата за финансиска полиција, Секретаријатот за европски прашања, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Бирото за развој на образованието и се препорачува на Уставниот суд на Република Македонија и општините кои немаат назначено одговорен сметководител, најдоцна до крајот на септември 2009 година да назначат одговорен сметководител согласно член 16 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и веднаш по назначувањето да доставaт копие од решението до Министерството за финансии – Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола.

4. Се задолжуваат буџетските корисници, имајќи го предвид член 14 став 1 од Законот за буџетите, заедно со предлог-буџетите за наредната година, да ги доставуваат и усогласените предлог-стратешки планови со предлог-буџетите за наредната година до Министерството за финансии.

5. Се задолжуваат раководителите на субјектите од јавниот сектор од редот на вработените (освен раководителот на единицата за финансиски прашања, раководителот на единицата за внатрешна ревизија или внатрешниот ревизор), најдоцна до крајот на 2009 година да назначат лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција.

6. Се задолжуваат субјектите од централно ниво да го реализираат усвоениот Акционен план за спроведување на НПАА 2009 со вработување на нови 130 лица во единиците за финансиски прашања.

7. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за правда, Државниот архив на Република Македонија и Јавното обвинителство на Република Македонија, а се препорачува на општините Охрид, Куманово и Пробиштип на внатрешните ревизори да не им доверуваат задачи за финансиско управување и контрола и други задачи во субјектот што не се поврзани со функцијата на внатрешната ревизија, согласно член 13 став 3 од Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

8. Се задолжуваат Министерството за локална самоуправа, Министерството за одбрана, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државното правобранителство на Република Македонија, Државниот архив на Република Македонија, Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и Центарот за управување со кризи, се укажува на Агенцијата за државни патишта и Агенцијата за државни службеници, а се препорачува на Државниот завод за ревизија и општините Боговиње, Тетово, Карпош, Гази Баба, Берово, Демир Хисар, Пробиштип, Штип, Делчево, Велес, Василево и Кочани, најдоцна до крајот на 2009 година да назначат раководители на единиците за внатрешна ревизија.

9. Се препорачува на општините Струга, Радовиш, Дебар, Чаир, Крива Паланка и Виница да ги пополнат систематизираните работни места – раководител и внатрешни ревизори во основаните единици за внатрешна ревизија.

10. Се препорачува на внатрешниот ревизор во општината Охрид ревизорските извештаи да ги доставува до раководителот на субјектот веднаш по завршувањето на секоја поединечна ревизија, согласно член 19 од Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

11. Се задолжуваат субјектите од централно ниво да го реализираат усвоениот Акционен план за спроведување на НПАА 2009 со вработување на нови 144 внатрешни ревизори."

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
-сите институции наведени во заклучоците

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Стојан Тодоров**

Подготвил: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска
сн